ПРОГРАМА

V.Bellini - увертира од Операта (хармоника & пиано)) **"ROMEO I JULIJA"**

G.Verdi – Опера Аида (хармоника & пиано) **"TRUMPHAL MARCH"**

G.Verdi –опера Травиата (хармоника & пиано) **"OVERTURE"**

G.Bizet – Опера Кармен (хармоника & пиано) **"HABANERA"**

G.Rosini – Опера Италијанка во Алжир (хармоника & пиано) **"OVERTURE"**

V.Zubicki –(хармоника & пиано) **ROSINIANA (3 stav)**

G.Verdi – Опера Набуко (хармоника & пиано) **"ХОРОТ НА ЕВРЕИТЕ"**

A.L.Webber - Phantom of the Opera (хармоника & пиано) **"OVERTURE"**

V.Monti -(хармоника & пиано) **"CARDAS"**

Почеток 19.30ч

**МАНУ** (фоаје)

**м-р.Златко Мадевски**

(1996) го завршува основното музичко образование во УОМО "Боро Џони" Струмица,Македонија.
(2000) го завршува средното образование во ДМБУЦ "Илија Ноколовски-Луј" Скопје,Македонија;
(2004) завршува на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје одсек хармоника,најпрво во класата на проф.Војин Васовиќ(Србија) а по две години продолжува во класата на проф.Зорица Каракутовска;
(2007) ги завршува постдипломските студии на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје одсек хармоника во класата на проф.Војин Васовиќ (Србија)

**Педагошка дејност**

Од 2007 година е доцент на Факултетот за Музичка уметност во Скопје каде ја остварува својата креативност,творечка и уметничка дејност со своите студенти на инструментот хармоника,камерна музика и ансамбл. Со педагошка дејност започнува од 2004год. во Основното Музичко Училиште "Панче Пешев" во Куманово.

**награди**

Во текот на студирањето зема учество на повеќе интернационални и државни натпревари од кои:
**прва награда**-Акордеонна пролет 2003год. на интернацијоналниот натпревар во Р.Бугарија;
**втора награда**-Акордеонна пролет 2002год. во Р.Бугарија;
**специјална награда** на државниот натпревар 2000год. како трио хармоники
-учество на интернацијоналниот натпревар во Кастелфидардо-италија 1999г

**уметничка дејност**

**Рецитал**-Национална галерија "Даут Пашин Амам" 2007год.
Национална галерија "Даут Пашин Амам" организатор Музичка младина на Р.Македонија 2010 год;**Концерт "muzika viva"** учествуваат студентите на ФМУ класа доц.З.Мадевски Концертна сала ФМУ 2011од.**Рецитал "Вечер на Танго и Вариете"** Центар за култура "Трајко Прокопиев" – Куманово 2012год.
**Концерт** - Центар за култура "Трајко Прокопиев" –Куманово 2014 год.
**Рецитал** – Македонска Опера и Балет – Скопје 2015 год.

**Андреј Наунов** е роден во Кочани. Дипломира на Факултетот за музичка уметност – Скопје на одделот пијано во класата на Симон Трпчески,како негов прв студент во чија класа е и на постдипломски студии. Студира диригирање на ФМУ во класата на Саша Николовски- Ѓумар.Добитник е на државни награди по камерна музика и пијано во Македонија и странство, а има и остварено бројни солистички рецитали, настапи со Македонската филхармонија и оркестарот на Македонската Опера и Балет. Од 2003-2005 година работи како хорски пеач во хорот на Македонската Опера и Балет, а од 2005 година почнува да работи како корепетитор во истата.Како корепетитор тој има извонредни можности да ги истакнува своите изведувачки вештини на пијаното низ завиден број настапи во државата со различни ансамбли и солисти во Македонија и странство. Како свои соработници во концертната – корепетиторска дејност има соработка со првенците на МОБ, како и со најистакнатите инструменталисти во државата. Во својот репертоар има околу 40 опери, како и кантати и ораториуми. Покрај пијанистичката, корепетиторската, вокалната кариера, се реализира и во полето на диригирањето, поточно со хорот при храмот "Пресвета Богородица" – Скопје, со кој хор во 2012 и 2014 година оствари извонредни концерти во Виена, а во мај 2015 во Венеција, Рим, Бари, во најпознатите цркви како Св. Марко, Сан Клементе, Св. Никола... Исто така настапува и како диригент во Македонската Опера и Балет со оркестарот при МОБ. Во Април 2016 година го оствари и своето деби со Македонската опера и балет како диригент, со својот гала концерт СТЕНД АП ОПЕРА. А во ноември истата година беше гостин-диригент со истиот ансамбл и солистите Весна Гиновска и Борис Трајанов, на 50години уметничка дејност на диригентот Томислав Шопов.Во мај 2015 година беше член во жири за пијанисти на Меѓународниот фестивал за Славјанска музика во Москва, каде што и оствари неколку настапи низ Москва, вклучувајќи го и отварањето на фестивалотВработен е како корепетитор во Македонската Опера и Балет и како музички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје.